# Билтен на месечни активности

# за месец јануари 2026

февруари, 2026

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ........ 3

Испит за административно управување ........ 4

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ........ 5

Соработка со други институции и меѓународна соработка ........ 6

Јавни набавки ........ 6

Реализација на буџет ........ 8

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец јануари 2026 година примени се 14 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрено е 1 барање, објавени се 106 огласи, за вкупно 141 работно место, за вкупно 151 извршител. За институциите од централната власт објавени се 93 огласи за 124 работни места со 134 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 13 јавни огласи за 17 работни места со 17 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 14 | 1 | 106 | 106 | 93 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 13 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 141 | | 13 | 91 | 20 | 124 | | 3 | 9 | 5 | 17 |
| Извршители | | | 151 | | 13 | 98 | 23 | 134 | | 3 | 9 | 5 | 17 |
| Број на пријавени кандидати | | | 1860 | | 52 | 1362 | 276 | 1690 | | 16 | 76 | 78 | 170 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 106 | 90 | 19 | 66 | 19 | 104 | 16 | 2 | 10 | 4 | 16 |

*Табела 1. Јавни огласи јануари 2026*

Во истиот период во месец јануари 2026 година спроведени се 135 административни селекции за пријавени 1996 кандидати, спроведени се 127 испити на кои што се поканети 662 кандидати, од кои полагале 247 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 102 огласи за 373 кандидати. Интервју е спроведено на 102 огласи со вкупно 190 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 98 огласи и предлог за избор на 175 кандидати, а од 106 спроведени огласи објавени се вкупно 120 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 135 | 1996 | 127 | 662 | 247 | 102 | 373 | 102 | 190 | 98 | 175 | 105 | 120 |

*Табела 2. Спроведени активности по оглас јануари 2026*

Во Агенцијата за администрација во месец јануари 2026 година примени се 5 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 5 огласи, за вкупно 5 работни места за 5 извршители, запрено е 1 барање за објавување на интерен оглас. За институциите од централната власт објавен е 1 интерен оглас за 1 работно место со 1 извршител, додека за институциите од локалната власт објавени се 4 интерни огласи за 4 работни места со 4 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">5</td><td rowspan="2">1</td><td rowspan="2">5</td><td rowspan="2"></td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td>/</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td>16</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>5</td><td rowspan="2">1</td><td>1</td><td>/</td><td>/</td><td>1</td><td rowspan="2">4</td><td>2</td><td>2</td><td>/</td><td>4</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>5</td><td>1</td><td>/</td><td>/</td><td>1</td><td>2</td><td>2</td><td>/</td><td>4</td></tr>
</table>

*Табела 3. Интерни огласи јануари 2026*

## Испит за административно управување

Во текот на месец јануари 2026 година спроведени се 6 испити за административно управување на кои се пријавиле 75 кандидати. Од нив на испитот присутни се 36 кандидати од кои испитот го положиле 26 кандидати ( 0,72%), а не го положиле 10 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 53 се вработени во јавен сектор, 7 во приватен сектор и 15 кандидати се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | 75 | 36 | 26 | 10 | 53 | 7 | 15 |

*Табела 4. Административно управување јануари 2026*

## Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец јануари 2026 година беа поднесени **70** жалби и приговори на административните службеници, од кои **60** жалби и приговори на државните службеници и **10** жалби на јавните службеници.

Во јануари во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани **7** седници, на кои беше одлучено по **44** жалби и приговори, од кои **35** жалби и приговори на државни службеници и **9** на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, **67** предмети од јануари преминуваат во февруари 2026година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 35);

Одбиени се **12,** уважени се **11,** отфрлени се **8,** мериторно одбиени **с**е **3** и **1** е повлечена од подносителот.

Од вкупниот број на јавните службеници (вкупно **9**):

Одбиени се **6** и отфрлени **с**е **3** ;

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени преуранет и нецелосни или ненадлеж ни | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 60 | 10 | 35 | 9 | 11 | / | 12 | 6 | 8 | 3 | / | / | 1 | / | 1 | / | 3 | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во* јануари 2026

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец јануари 2026 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 37 предмети од кои 13 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 24 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови и други, и тоа: Влада на Република Северна Македонија (1); Општина Пробиштип (1); Основен граѓански суд Скопје (2); Државен просветен инспекторат (1); Агенција за вработување на Република Северна Македонија (1); Општинско средно училиште „Мирко Милески“ Кичево (1); ООУ

„Кузман Шапкарев“ Скопје (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (3); Управен суд (1); Административен службеник (8); ЈП Нискоградба Охрид (1); Казнено поправна установа Затвор Скопје (1); ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ Битола (1) и ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболични нарушувања – Скопје (1).

## Број на остварени присуства на обуки/работни средби/настани/ конференции на вработени претставници од Агенцијата за администрација

Во текот на месец јануари 2026 година, вработените од Агенцијата присуствуваа на обуки, настани, конференции и сл.

- **Присуство на јавна дебата на тема:** „ Законот за високите раководители на органите на државната управа и фондовите“ одржана на 21.01.2026 година во Хотел Холидеј Ин, Скопје.
- **Покана на состанок на тема:** Постапување по предмети поврзани со спроведување на одлуки од второстепен орган во делот на престанок на работен однос кај работодавачи од јавен сектор, а за кои предходно била спроведена М2 одјава, одржан во Агенција за вработување на Република Северна Македонија на 21.01.2026 година.

## Јавни набавки

Сектор за стручно-административни работи и јавни набавки, за месец Јануари 2026 година

1. Број на пристигнати е-маил пораки во форма на прашања на службената контакт е-маил адреса на Агенцијата за администрација ____________;
2. Број на донесени одлуки за јавни набавки; /
3. Број на објавени огласи за јавни набавки на ЕСЈН; /
4. Број на започнати постапки со преговарање без претходно објавување на оглас, согласно член 55 став (1) точка в, алинеја 3 од ЗЈН; /.
5. Број на донесени одлуки за избор на најповолен понудувач; /
6. Број на склучени договори за јавни набавки со вкупна вредност; /
   ________ без ДДВ или ________ со вклучен ДДВ

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на донесени Одлуки за поништување | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|---|
| / | / | / | / | / |

Во месец јануари 2026 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

Приказ на реализација на буџетот на Агенција за администрација

| Ставка | Буџет 2026 година | Реализација на буџетот до 31.01.2026 | Реализација на буџетот од 01.01.2026 - 31.01.2026 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2026 |
|---|---|---|---|---|
| *401–основни плати* | 27.922.000 | 2.071.964 | 2.071.964 | 25.850.036 |
| *402-придонеси за социјално осигурување* | 10.327.000 | 805.767 | 805.767 | 9.521.233 |
| *404-Надоместоци* | 705.000 | 0 | 0 | 705.000 |
| *420-патни и дневни расходи* | 50.000 | 0 | 0 | 50.000 |
| *421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт* | 2.900.000 | 168.872 | 168.872 | 2.731.128 |
| *423-материјали и ситен инвентар* | 400.000 | 8.467 | 8.467 | 391.533 |
| *424-поправки и тековно одржување* | 1.290.000 | 26.516 | 26.516 | 1.263.484 |
| *425-договорни услуги* | 1.093.000 | 85.555 | 85.555 | 1.007.445 |
| *426-други тековнирасходи* | 128.000 | 647 | 647 | 127.353 |
| *464-разни трансфери* | 90.000 | 0 | 0 | 90.000 |
| *480-купување на опрема и машини* | 325.000 | 159.300 | 159.300 | 165.700 |
| *485-вложување и нефинансиски средства* | 860.000 | 0 | 0 | 860.000 |
| *425-договорни услуги* | 645.800 | 0 | 0 | 645.800 |
| *426-други тековни расходи* | 95.200 | 0 | 0 | 95.200 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| *480-купување на опрема и машини* | 36.000 | 0 | 0 | 36.000 |
| *485-вложувања и нефинансиски средства* | 464.000 | 0 | 0 | 464.000 |
| ВКУПНО 630 | **47.331.000** | **3.327.088** | **3.327.088** | **44.033.912** |
| *426-други тековни расходи* | 60.000 | 0 | 0 | 60.000 |
| ВКУПНО 787 | **60.000** | **0** | **0** | **60.000** |

*Табела. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*